# Упатство за материјално евиденција  на ампули и лекови

## 1. Општи информации

Во верзијата 3.2.0.0 од Прима Медика додадена  е  нова функционална целина во менито **Материјално** (Слика1) која е наменета водење на материјална евиденција на лековите и медицинскит потрошен материјал кои се трошат во амбулантите, односно  на  евиденција на внес  и излез на материјалите (ампули и останати потрошени материјали).  Овде на многу едноставен начин можете да евидентирате прием на материјалите, излез (потрошувачка) и расход.

Излезот се регистрира преку запис на документ  -  испратница за одреден период кој можете да фго одредите (најчесто на дневна основа) во која ќе се регистрираат дневните потрошени количини од соодветните артикли, додека за регистрација на отпис на количини артикли по разни основи (кало/растур, изминат рок итн) при евидентирање на излез се користи тип на документ **расход**  Исто така можете да  вршите контрола и следење на залихите како и печатење на Лагер листа и Картица на артикал.




Слика 1

## 2. Влез/Излез

Со одбирање на *Влез/Излез* од менито **Материјално** ви се отвора следнава форма:




Овде е прикажан дневниот влез и излез на потрошен материјал и ампули со тоа што може да се одбере и датум за кој ден сакаме да биде приказот. Во колоната **Тип** се прикажува дали за дадениот артикал е прикажанаа приемница, испратница (излез) или разход. Доколку типот е испратница и е пополнето и полето во колоната **Име и презиме** тоа значи дека тој артикал е од издадената ампуларна терапија од прегледите за тој пациент.

### 2.1 Влез (Прием на артикал)

Од горното мени *Влез/Приемница* се отвара формата за влез(прием) на артиклите (слика3).




Слика 3

Овде работната единица е стандардно означена П33 а датумот тековен, доколку имате друга работна единица или премот е за постар датум потребно е да ги промените. Во полето **Артикал** се пребарува од шифрарникот на артикли за кој артикал се прави влезот и во наредното поле **Количина** се внесува колку броја се примени од избраниот артикал. Во **Датум на трајност** можете да внесете до кога е рокот на траење на артикалот и потоа внесот се завршува со кликање на копчето *Запиши*. После запишувањето повторно формата е во мод на внесување на нареден артикал и се повторува постапката и за следниот артикал, а доколку нема за внесување повеќе артикли со *Esc* од тастатурата или на копчето *Откажи* се откажува операцијата.

Напомена: Доколку артикалот што сакате да го внесете го нема од листата за избор на артикли, потребно е најпрво да се внесе во *Шифрарници/Артикли/Артикли*.

## 2.2 Излез

Функционалностите од оваа група на менито се користат за регистрација на излез на артикли.

Излезот (потрошувачката) на периодична основа (дневна или во период кој Ви одговара) се регистрира преку функционалноста опишана подоле. За ординациите кои не ја користат опцијата за евидентирање издадена ампуларна терапија, потрошувачкаа на лекови можат да ја евидентираат во овој дел како и за другите артикли.

Од менито *Излез* се избираат две форми за *Испратница* и за *Расход* (Слика 4). И двете форми се исти како и формата за *Приемница* но разликата е во тоа што при пребарување на артикалот во полето **Артикал**, пребарувањето не се прави од шифрарникот на артикли туку од моменталната лагер листа (кои артикли моментално ги имате на лагер) и иста така е прикажана и нивната моментална количина.


Влез/Излез на материјали
Работна единица
П33
Датум
22.02.2013
Тип на документ
Испратница
Артикал
Количина
ID NAZIV
100 GENTAMICIN Amp 40mg
102 RANITIDINE amp 50mg/2ml
102 THIAMINE (B1) amp 100mg/1ml


Влез/Излез на материјали
Работна единица
П33
Датум
22.02.2013
Тип на документ
Расход
Артикал
Количина
ID NAZIV
102 RANITIDINE amp 50mg/2ml 37
100 GENTAMICIN Amp 40mg 30
102 THIAMINE (B1) amp 100mg/1ml 14

Слика 4

## 2.3 Картица на артикал

Третото мени од оваа форма за *Влез/Излез* е **Картица на артикал** каде што со нејзин избор се отвора следнава форма (Слика 5):




Слика 5

Првично се отвора за артикалот кој ни бил селектиран од предходната форма но исто така и тука може да се врши пребарување  во полето **Артикал** од горниот дел од левата страна на формата. Од десната страна се наоѓа делот **Лагер количина** каде за одбраниот датум прикажува колку моментално има на лагер. Исто така во оваа форма за избраниот артикал може да се испечатат **Основна картица** и **Аналитичка картица**.

ПЗУ [redacted]

**КАРТИЦА НА АРТИКАЛ**

**1205 KETOPROFEN amp 100mg/2ml**

до датум: 28.02.2013
Работна единица: ПЗЗ

| Датум | Тип док. | Влез | Излез | Датум трајност | Издадена на пациент |
|---|---|---|---|---|---|
| 28.02.2013 | Приемница | 23 | 0 | | |
| 28.02.2013 | Расход | 0 | 1 | | |
| **Вкупно:** | | **23** | **1** | | **Количина на лагер : 22** |

Слика 6 – аналитичка картица

ПЗУ [redacted]

**КАРТИЦА НА АРТИКАЛ**

**1205 KETOPROFEN amp 100mg/2ml**

до датум: 28.02.2013
Работна единица: ПЗЗ

| Датум | Влез | Излез | Состојба |
|---|---|---|---|
| 28.02.2013 | 23 | 1 | 22 |

Слика 7 – материјална картица по артикал

# 3. Лагер листа

Лагер листата може да се повика од *Материјално/Лагер листа* (Слика 6 ). Овде во оваа форма се прикажани сите артикли за избраниот датум кои имаат количина поголема од нула т.е. ги имате на лагер. Исто така може и да се испечати со клик на **Печати лагер листа** од горната лента на формата.




Слика 8



ПЗУ

**ЛАГЕР ЛИСТА**

Датум: 28.02.2013
Работна единица: П33

| Ред.бр. | Шиф.ар | Назив на артикал | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | 1205 | KETOPROFEN amp 100mg/2ml | 22 |
| 2 | 1250 | CETIRIZINE rastv. 1 mg/1 ml | 11 |
| 3 | 1336 | VECURONIUM amp 4mg | 15 |

Слика 9 – лагер листа